ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; Matični broj: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 250/2007
Загреб, 04. 11. 2007.

# З А П И С Н И К

од **вонредниот состанок** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **04.11.2007. година** со почеток во **13.50 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни:** А. Митревски – претседател на Заедницата, Ј. Цветичанин – Осиек, Н. Гроздановски – Загреб, Б. Штерјов – Загреб, М. Бан на местото на И. Дуноски – Риека и М. Мајиќ – Задар.

**Отсутни:** Претставник – Пула.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата.

Состанокот го водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на сосотанокот присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни објаснувајќи им ја потребата за овој вонреден состанок поради излезениот Јавен повик за предавање на Планот и програмата за 2008. година до Советот за национални малцинства на РХ, го прочита дн. ред за истиот и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Анализа на досегашната работа на Заедницата и друштвата и договор и донесување на одлуки за Планот и програмата за 2008. година до Советот за национални малцинства на РХ;
2. Разно.

**Ад. 1.** Претс. А. Митревски на почетокот нагласи дека сите друштва Планот и програмите за 2008. година треба да ги припремат според важечките Критериуми за утврдување на финансиската помош за програмите на невладините здруженија и здруженијата на нац. малцинства поставени од Советот за национални малцинства на РХ и да не побаруваат финансиски средства за програми кои не се во организација на Заедницата и друштвата. Исто така, средствата кои ќе се добијат, треба наменски да се користат за она за што се и барани. Посебно внимание треба да се посвети на формирање на нови фолклорни и музички секции во оние друштва кои ги немаат. Треба секако да се внимава и на рокот за предавање на програмите бидејќи е тоа услов за понатамошното финансирање. Претс. рече дека се очекува зголемување на вкупните средства за идната година од Советот за 10% во однос на овогодишните, но дека средства треба да се побаруваат и од останатите министерства во Хрватска и Македонија, како и од градовите на локално ниво. Потоа се поведе анализа за досегашната работа на секое друштво

посебно, а врз основа на кварталните финансиски извештаи кои беа предадени до Советот. Се дојде до заклучок дека во оваа година има приметно подобрување и напредок во релизација на програмите во сите друштва. Секциите имаат побогати настапи, а и манифестациите се побројни. И во врска со програмите за идната година, за секое друштво посебно се дискутираше и предлагаше. Членовите на УО на Заедницата се согласија од секој програм идната година да се одвојат 10% од добиените средства, за трошоци за режиите на Заедницата. Исто така се договори, седниците на УО да се одржуваат квартално, односно четири пати во годината, додека сите останати состаноци да се припремаат по потреба, како вонредни состаноци на УО на Заедницата. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

* На ниво на Заедницата, а до Советот за нац. малцинства на РХ, да се пријават следните програми за 2008. година:

1. Информирање: „Македонски глас„ 4 – 6 броја, 800 – 1000 примероци, формат А-4, 44 страници, во боја;
2. Издаваштво:
   - Б. Јовановски: „Десет години на манифестацијата „Денови на браќата Миладиновци„ во Осиек и Ѓаково;
3. Културни манифестации:
   - Изборна седница на Собранието на Заедницата, април 2008.;
   - Изложба на списанија и книги во издаваштво на Заедницата во Задар, почеток на мај 2008. (во организација со МКД „Билјана„ од Задар);
   - 17. Денови на македонската култура „Св. Кирил и Методи„ во Сплит, 23.-25. мај 2008. (во организација со МКД „Македонија„ од Сплит);
   - „11. Денови на браќата Миладиновци„ во Осиек и Ѓаково, почеток на јуни 2008. (во организација со МКД „Браќа Миладиновци„ од Осиек);
   - „Илинден 1903. – 2008.„ 02. август 2008. (во организација со МКД „Илинден„ од Риека);
   - „Ден на Македонските Културни Друштва во Хрватска„ во Загреб, 08. септември 2008. (во организација со МКД „Охридски бисер„ од Загреб);
   - Рацинов ден „Бели мугри„ во Самобор, 22. ноември 2008. (во организација со МКД „Охридски бисер„ од Загреб).

**Ад. 2.** По оваа точка, Ј. Цветичанин ги извести присутните дека се предадени 30 примероци на книгата „Хрватско-македонски односи низ вековите„ од Б. Јовановски на Еванѓеоско теолошкиот факултет во Осиек – подарок од Заедницата.
Седницата заврши во **16.20** часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ